Годишен извештај 2024

# ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

**ИЗДАВАЧ:**
ЗДРУЖЕНИЕ ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ (ОЖОСВН)

**АДРЕСА НА ИЗДАВАЧОТ:**
УЛ. ЛЕНИНОВА БР.1-1/4, П.ФАХ 13 2220 СВЕТИ НИКОЛЕ,

**КОНТАКТИ:**
ТЕЛ/ФАКС: 032 444 620
E-MAIL: WOMSVETINIKOLE@YAHOO.COM
WEB SITE: WWW.WOMSVETINIKOLE.ORG.MK

**ПРЕТСЕДАТЕЛКА:**
ДАНИЕЛА ПАНЕВА

**КООРДИНАТОРКА НА ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА:**
ЈАСМИНА ТРАЈЧЕВА

**ФОТОГРАФИИ: ФОТОАРХИВА НА ОЖОСВН**

**УРЕДИЛА:**
**ЈАСМИНА ТРАЈЧЕВА**

**ПОДГОТОВКА, ДИЗАЈН И ОБРАБОТКА:**
**ЕМИНА ТОКОВИЌ**

С О Д Р Ж И Н А:


- ЗА ОЖОСВН.....................................................1
- ПОЛИТИЧКИ И СОЦИО-ЕКОНОМСКИ КОНТЕКСТ ЗА 2024........................................3
- ЗДРАВСТВЕНА ПРОГРАМА.............................4
- ПРОГРАМА ЗА ДЕЦА И МЛАДИ.....................12
- ПРОГРАМА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА................15
- ОРГАНИЗАЦИСКО ЈАКНЕЊЕ........................21
- МРЕЖИ, ВМРЕЖУВАЊЕ, СОРАБОТКА...........24
- АКТИВНОСТИ ПО ПОВОД 8 МАРТ.................27
- ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ ДЕНОВИ(2024)..........28
- ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ...........................29

# ЗА ОЖОСВН

Идејата за формирање на здружението Организација на жените на општина Свети Николе беше поттикната од страна на жени-борци за човековите права, пред се борци за почитување и афирмирање на правата на жените. На локално ниво иницијативата ја покренаа 7 жени од општина Свети Николе кои се водат како основачи на Здружението, а врз основа на слободно здружување на граѓанките за остварување на нивните интереси и преземања на активности за подобрување на целокупната состојба пред се на жените во општеството, но и на децата и младите. Организацијата е продолжување на поранешното женско движење во Македонија и дејствува како невладина, непрофитна и независна организација која како правен субјект постои со решение издадено од Основен суд Свети Николе од Декември 1990 година.

## ВИЗИЈА, МИСИЈА, ПРОГРАМИ

**Визија:** ОЖОСВН е водечка сила на женското и граѓанското движење, која создава позитивни промени во општеството и придонесува за општа благосостојба на сите граѓани.
**Мисија:** ОЖОСВН активно работи за подобар квалитет на живот на граѓаните и граѓанките и почитување на човековите права со акцент на правата на жените и девојките.
Во согласност со визијата и мисијата организацијата продолжува да работи на трите главни програми: Програма за човекови права со акцент на правата на жените, Програма за деца и млади и Здравствена програма, а со пофокусирани и специфични цели на делување.

## ЦЕЛИ

**Стратешка цел 1**: Да се почитуваат и унапредуваат човековите права
**Стратешка цел 2:** Да се подобри здравствената состојба на населението
**Стратешка цел 3:** Младите да се активни и вклучени во општеството придонесувајќи кон позитивни промени во заедницата
**Стратешка цел 4:** ОЖОСВН да се етаблира и биде препознаен чинител кој гради промени и напредок во заедницата
**Стратешка цел 5:** Да се зајакне ефикасноста и одржливост на ОЖОСВН.

## ВРЕДНОСТИ И ПРИНЦИПИ

ОЖОСВН во своето работење се води од следните вредности и принципи:

- **Учење, развој и иновации** – организацијата е посветена низ своето работење континуирано да учи, да го развива својот тим и да воведува иновации во својата работа.
- **Транспарентност и отчетност** - сите релевантни информации се споделуваат со целните групи, членките, заинтересираните страни и јавноста, а организацијата се труди да осигура отчетност кон сите кои ја поддржуваат на било кој начин.
- **Професионалност и стручност** - ОЖОСВН ги спроведува своите активности почитувајќи највисоки професионални стандарди и обезбедува експертиза соодветна за извршување на секоја планирана задача.
- **Партнерство и соработка** – ОЖОСВН гради соработка и партнерство со сите релевантни институции, како и други засегнати страни и чинители (донатори, компании, граѓански организации) со кои споделува заедничка визија и вредности.

- **Толеранција и емпатија** – сите вклучени во организацијата се стремат да ги почитуваат верувањата и определбите на другите и тежнеат да ги согледаат нештата од страната на другите покажувајќи разбирање.
- **Партиципативност** – ОЖОСВН обезбедува и ќе обезбеди вклученост во релевантните процеси на одлучување, на сите оние кои имаат легитимен интерес во прашањата кои ги засегаат и за кои организацијата се залага.
- **Еднакви можности** - ОЖОСВН се залага за еднакви можности и се труди да осигура недискриминација и праведно вклучување на сите засегнати во нејзиното работење, во управните структури и во активностите.
- **Доверливост** – организацијата ја почитува приватноста на своите корисници и соработници и ќе осигура дека нивните податоци се безбедни и не се споделуваат со трети страни.

## ЦЕЛНИ ГРУПИ

Нашата организација има за цел да им служи на сите граѓани, без разлика на нивното потекло, припадност или определба. Сепак, ние ставаме директен фокус на жените и младите луѓе, бидејќи веруваме дека инвестирањето во нивното зајакнување ќе доведе до позитивни резултати за општеството како целина. Ние, исто така, ја препознаваме важноста за решавање на потребите на маргинализираните групи, вклучувајќи ги децата, постарите лица и оние на понеповолни социјални позиции.
Особено сме посветени на поддршка на жените и девојките од руралните области, кои често се соочуваат со дополнителни предизвици и бариери за пристап до можности и ресурси. Разбираме дека инвестирањето во нивното образование, здравје и егзистенција ќе има трансформативно влијание врз нивните животи и на нивните семејства и заедници.

## МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

Во ОЖОСВН, ние веруваме во инклузивни работни методи кои ги вклучуваат сите конституенти во секоја фаза од спроведувањето на активноста, од истражување и анкети до планирање, реализација, документирање и евалуација. Нашата организација е добро позната во заедницата и одржува силни партнерства со локалните општествени чинители, институции и здруженија на граѓани, а исто така, во помала мера соработува и со локалниот бизнис сектор.
Често иницираме, поддржуваме и спроведуваме заеднички акции и активности со нашите конституенти, партнери и институции кои се усогласени со нашите целни групи и заеднички каузи, промовирајќи позитивни промени во заедницата.
За да ги постигнеме нашите цели и задачи, ние користиме различни методолошки пристапи:
- Нашиот партиципативен пристап вклучува работа со заедниците и засегнатите страни за да ги идентификуваме нивните потреби и приоритети и да ги вклучиме во донесувањето одлуки и спроведувањето.
- Нашиот пристап заснован на права е заснован на принципите на човековите права и се фокусира на зајакнување на маргинализираните и ранливите заедници да ги бараат своите права и да се залагаат за позитивни промени.
- Нашиот пристап за застапување и лобирање вклучува ангажирање со креаторите на политиките и засегнатите страни за да се влијае врз политиката и да се создадат позитивни промени на национално и меѓународно ниво.
- Нашиот пристап за градење капацитет ја зајакнува способноста на нашата организација да ја постигне својата мисија и да го подобри животот на нашите конституенти и др.

# ПОЛИТИЧКИ И СОЦИО-ЕКОНОМСКИ КОНТЕКСТ ЗА 2024

Во 2024 година, Северна Македонија доживеа неколку случувања кои ги засегаат правата на жените и работењето на женските граѓански организации. Политичкото опкружување остана релативно стабилно, без значајни промени на локално ниво, бидејќи немаше промени кај носителите на одлуки на локално ниво. Но, влијанието на антиродовите движења и верските институции стана поизразено, инфилтрирајќи се во процесите на одлучување, што резултираше со промена на локалните политики и бришење на „родот“ во дел од локалните програми и политики, поголема поддршка на активностите на верските институции и помала соработка за прашањата за родова еднаквост.

Овој тренд постави предизвици за женските организации, што доведе до измена или одложување на одредени активности за подобро управување со поврзаните ризици. И покрај овие предизвици, застапеноста на жените во политиката забележа позитивен тренд на национално ниво. Заклучно со јули 2024 година, жените имаа 35,8% од пратеничките мандати, при што 43 од 120 пратеници се жени, имаме жена за генерален секретар на Собранието, заменик генерален секретар на НАТО и ја имаме првата жена претседателка на земјата, која се декларира како борец за правата на жените и родовата еднаквост. Сепак, прашањата како што се недоволната застапеност во партиските раководства, на локално ниво, извршните позиции и изложеноста на родово засновано насилство во политиката опстојуваат и се многу присутни сеуште. Економската независност и понатаму останува предизвик за жените. Сè уште постојат тековни пречки за финансиската независност на жените, нагласувајќи ја потребата од ефективни мерки за вработување и поддршка за жените претприемачи. Во руралните области пак, некои жени имаат можности за вработување поради недостиг на работна сила во блиски фабрики кои обезбедуваат и превоз, но предизвиците како што е потребата од услуги за згрижување деца, па и стари лица кое стереотипно припаѓа на терет на жените, станаа поочигледен проблем и пречка за економско јакнење на овие жени.

Општествените предизвици се континуирани. Родово базираното и семејното насилство, физичкото и/или сексуалното насилство од страна на партнерот, демнењето, сајбер насилството, неплатената грижа и домашната работа за жените и девојките продолжуваат. Овие разлики ја истакнаа тековната потреба од социјални реформи за да се постигне родова еднаквост. Дополнително на ова треба да се има во предвид и континуираната несензитивност на дел од вработените во релевантни институции, недоволните или несоодветни системски решенија, неконзистентни или неприменливи законски решенија и протоколи и неодговорност. Зголеменото влијание на антиродовите движења и црквата поставија значителни предизвици. Како одговор, организацијата ги приспособи активностите за подобро управување со ризиците, осигурувајќи дека нашата работа останува ефективна и безбедна за жените и девојките. Зголеменото влијание на анти-родовите движења и религиозните институции додаде сложеност на работата на локалните женски организации, значително влијае на стеснувањето на работниот простор и бара прилагодливи стратегии за да продолжиме и понатаму да се залагаме за родова еднаквост.

# ЗДРАВСТВЕНА ПРОГРАМА

Здравствената програма е една од примарните програми која постои и функционира од самото основање на Организацијата. Преку оваа програма ОЖОСВН се стреми да придонесе кон подобра здравствена заштита на населението во Македонија воопшто, со приоритет на жените и младите, а особено жените заболени и лекувани од малигни заболувања. Во рамки на Здравствената програма, од 2002 година е воспоставена и во континиутет функционира Група за самопомош на жени заболени и лекувани од малигни заболувања. Исто така, преку оваа програма се обезбедува и дополнителна помош и поддршка за жените заболени и лекувани од малигни заболувања, како што се психолошки и докторски совети, индивидуални посети, бесплатни перики и турбани и друго. Како најголеми приоритети во оваа програма се заштитата, превенцијата и унапредувањето на здравјето примарно кај жените и девојките, но и кај општата популација, како и посветена грижа за себе и сопственото ментално и физичко здравје.

## Проект: Заедно да превенираме и се бориме против ракот на дојка 2024

**Времетраење:** 01.01.2024– 31.12.2024
**Главна цел:** Цел и задача на проектот наменет за групата за самопомош е да се зајакне самодовербата на жените од групата и новозаболените жени полесно да ја прифатат болеста заради полесно надминување на последиците од болеста.
Во рамки на проектот се работеше и на едукација за превенција од рак на дојка и матка, охрабрување на жените секоја година да прават ехо преглед на дојка, редовни контроли и по потреба мамографски прегледи, како и гинеколошки и редовни месечни самопрегледи.
За да успееме да ги реализираме нашите цели, продолживме со континуираната поддршка преку давање на соодветна, стручна, здравствена и психолошка едукација со лекар, психолог и физиотерапевт.
**Активности и резултати:** Реализирани вкупно 17 работилници, од кои 13 едукативни работилници на различни теми водени од докторка и психолог, 2 работилници со физички и рекреативни вежби водени од физиотерапевтка и 2 организациски и координативни работилници. Со овие работилници се опфатени вкупно 312 жени од кои 150 учеснички од групата за самопомош и 162 жени од 4 рурални средини во општина Свети Николе (Мустафино, Кардифаково, Амзабегово и Пеширово).Изминатат година беа остварени и десетина 10 индивидуални средби со новозаболени жени на кои им е дадено бесплатна перика, бесплатни турбани и советување за својата здравствена состојба. Конфекцијата АД Мода, на ОЖОСВН изминатата година донираше 125 турбани, а ние успеавме да набавиме уште 9 перики на располагање на жените кои имаат потреба.
**Финансиран од:** Локална самоуправа на општина Свети Николе

# ДЕЛ ОД АКТИВНОСТИТЕ ВО РАМКИ НА ОВОЈ ПРОЕКТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

Грижи се за себе
27.02.2024



Остеоартритис – дегенеративно заболување на зглобовите
13.02.2024



Жените од с.Мустафино се информираа за превенција и третирање на карцином на дојка и остеопороза
14.03.2024



Колку чини забрзаноста-побрзај, полека
28.05.2024



Жените од с.Кадрифаково се информираа за превенција и третирање на карцином на дојка и остеопороза
18.06.2024



Жените од с.Мустафино се едуцираа за справување со стрес и како да се релаксираат
20.06.2024



# ДЕЛ ОД АКТИВНОСТИТЕ ВО РАМКИ НА ОВОЈ ПРОЕКТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

Закони на космосот
03.07.2024



Смејте се за здравје
06.08.2024



Карцином на дојка,хемотерапија и остеопороза,с.Амзабегово
26.09.2024



Вежби за релаксирање на горните и долните екстремитети
02.10.2024



Стрес и релаксација,с.Амзабегово
22.10.2024



Стрес и релаксација,с.Пеширово
12.11.2024



# ДЕЛ ОД АКТИВНОСТИТЕ ВО РАМКИ НА ОВОЈ ПРОЕКТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

Вежби за релаксирање на горните и долните екстремитети
22.10.2024



Страв и вознемиреност
04.12.2024





ОЖОСВН доби 125 турбани кои се наменети за жените заболени од рак како донација од АД МОДА.

## Оперативен грант од програмата Смарт Балканс

Обезбедувањето институционален грант за ОЖОСВН беше од клучно значење бидејќи обезбедува суштинска финансиска стабилност и одржливост, овозможувајќи и на организацијата ефективно да се справи со уникатните предизвици со кои се соочуваат жените во заедницата. Ова основно финансирање служи како поткрепа во континуитет на виталните програми и услуги кои ги нуди организацијата за своите целни групи, но и дозволува организацијата да се занимава повеќе со внатрешни прашања кои може да ја унапредат нејзината работа. Преку овој инстутуционален грант, како дополнување на останатите извори на финансирање на ОЖОСВН, успеавме да подобриме внатрешни политики и да воспоставиме нови, успеавме да ја подобриме видливоста на организацијата и да допреме до различни целни групи, да го задржиме постоечкиот персонал, вработиме уште едно лице во организацијата и да ја унапредиме нивната работа, а нашите услуги од здравствената програма ги промовиравме до повеќе жени и девојки, но и да ја проширивме мрежата на партнерства и соработки и станавме повидливи и препознаени кај нашите целни групи.

Во рамки на оперативниот грант од Смарт Балкан програмата, чија главна цел е подобрена целокупна работа, активно функционирање и позиционирање на ОЖОСВН, со акцент на подобрување и исполнување на специфична цел 3: Унапредена и промовирана Здравствена програма на ОЖОСВН беа реализирани следниве активности:

Обезбедени 9 перики за жени во третман од малигни болести од општина
Свети Николе.






ОЖОСВН организираше штанд со промотивни и информативни материјали, на кој граѓаните имаа можност да се запознаат со работата на нашата канцеларија и услугите што ги нудиме. Особено внимание се посвети на промоцијата на Здравствената програма на ОЖОСВН, со фокус на подигнување на свеста за важноста на превентивната здравствена грижа. Меѓу материјалите, се подели и упатство за само-преглед на рак на дојка, како дел од нашите активности за поддршка на заедницата и промоција на здрави навики.






## Проект: Здрави животни навики – благосостојба на умот и телото

**Времетраење:** 01/08/2024 – 31/12/2024
**Локација:** Локално ниво
**Главна цел:** Проектот имаше за цел да создаде трајно влијание врз здравјето и благосостојбата на девојчињата и жените во С.Македонија, поттикнувајќи култура на проактивна здравствена заштита и превенција.
**Финансиран од:** Ambassade de France en Macédoine du Nord

Во рамки на овој проект се реализираа низа активности наменети за различни целни групи вклучително жени, млади и рурални средини. Дел од активностите беа ко-финансирани од Смарт Балкан програмата, а дел од активностите беа реализирани во соработка и со поддршка од Општина Свети Николе.

Главниот настан од проектот „Здрави животни навики - благосостојба на умот и телото“ се оддржа на 26 октомври во градскиот парк во Свети Николе.

Настанот започна со одбележување на Октомври - месец за борба против рак на дојка и розева прошетка низ централното градско подрачје, а продолжи со работилници на различни теми. На настанот, Д-р Игор Панев и главната медицинска сестра Деспина Цветаноска, зборуваа за важноста за грижа за сопственото здравје и превенцијата, психолог, психотерапевтка Цветанка Бурзевска имаше интерактивна работилница со совети за справување со анксиозност и панични напади, а нутриционистот Ивица Јанев објасни како здравата исхрана и здравиот начин на живот, може да превенира различни болести. Паралелно, граѓаните имаа можност за бесплатно мерење крвен притисок, шеќер во крвта и витаминско-минерален статус, благодарение на ЈЗУ Здравствен дом „Примариус д-р Ѓорѓи Гаврилски“ и Аптека Зегин. Во рамки на настанот, волонтерки на ОЖОСВН поделија 600 едукативни флаери за самопреглед, над 1000 промотивни материјали и ја промовираа Канцеларијата за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка при ОЖОСВН. Атмосферата беше дополнета со музика од локалните дицеи Емили Нас, Дац и Цое Бонга.














Во текот на месец октомври 2024 година, тимот на ОЖОСВН, покрај главниот настан, се реализираа и настани во три рурални населби – селата: Црнилиште, Горобинци и Ерцелија. Преку оваа активност, делење едукативни флаери, промотивни материјали, анкета и разговор со случајните жители, успеавме да допреме до повеќе од 300 жители, промовирајќи здрави животни навики, подобрување на здравствената култура и потреба од превенција. Во непосредните разговори со жителите, споделивме важни информации за здравјето и ги запрашавме за нивните навики во однос на здравствените прегледи. Во дискусиите со жителите се истакнаа значајни теми, како потребата за повеќе информации за менталното здравје, неговата врска со физичката благосостојба и значењето на правилната исхрана и физичката активност.









Во декември, пред завршување на проектот, членките на групата за самопомош на жени заболени и лекувани од малигни болести, беа дел од евалуациска работилница на програмските активности од здравствената програма за 2024 година и идеи за активности за 2025 година.

Жените кои присуствуваа на работилницата беа задоволни од можноста директно да ги изразат своите идеи и предлози, а со тоа и да помогнат во планирањето на идните активности, кои ќе придонесат за нивно подобро здравје и благосостојба.





По повод месец ноември и кампањата Мовебер - месец за машкото здравје се одржа трибина под наслов „Заедничка грижа: Превенција и здравствени совети за машкото и женското здравје“, која имаше за цел да се зголеми свеста за превенцијата и здравствените предизвици кои ги погодуваат и мажите и жените. Оваа активност беше реализирана во соработка со Општина Свети Николе. На трибината, свои едукативни излагања, секој од својот домен, имаа Д-р Игор Панев, специјалист по оториноларингологија, Д-р Зоран Панев, специјалист по радиологија, Д-р Емилија Лазарова, специјалист по онкологија и Д-р Влатко Филипов, специјалист по урологија.







Со цел да се информира пошироката јавност за услугите што ги нуди ОЖОСВН за жените заболени и лекувани од малигни болести, а во рамки на овој проект беше креирано информативно видео.




**Промовирана Здравствената програма на ОЖОСВН**









# Програма за деца и млади

Програмата за деца и млади постои и функционира во рамките на ОЖОСВН од 2001 година и претставува продолжување на Вавилон центарот кој функционираше во рамките на ОЖОСВН во периодот 2001-2006 година.
ОЖОСВН ги препознава младите како двигатели и креатори на промени во заедницата и општеството и затоа работи на надоградување на нивните знаења и вештини преку разни методи и алатки на неформално образование, поддржува младински иницијативи и работи на развој на волонтерство и младински активизам.
ОЖОСВН има широка мрежа на партнерски организации од земјава и странство и во соработка со нив нуди можности за учество на младите од општина Свети Николе и пошироко, на семинари, обуки, младински размени, летни едукативни кампови, работилници, конференции, волонтерска и практикантска работа, како во земјава, така и во странство.

## Тренинг за граѓански ангажман и вклучување на девојки и жени на различни нивоа во локалната заедница



Одржавме тридневен тренинг за граѓански ангажман и вклучување на девојки и жени во локалните заедници. Целта беше да се подигне свеста и да се зајакнат капацитетите на 22 учеснички од различни општини (Свети Николе, Велес, Неготино, Кавадарци, Делчево, Кочани, Виница) на возраст од 16 до 21 година, со знаења и вештини за родова еднаквост, женски активизам и учество во заедницата.
Оваа активност беше дел од проектот „Јаки жени ја јакнат заедницата“ финансиски поддржана од фондацијата Квина Тил Квина и Шведска.





## Глобална иницијатива Ден на добри дела – Свети Николе 2024

Младите волонтери на ОЖОСВН заедно со волонтери од Црвениот крст во Свети Николе се приклучија кон глобалната иницијатива „Денот на добри дела“. Денот на добри дела ја промовира солидарноста и помагањето на ранливи и маргинализирани групи во општеството преку директно вклучување на волонтерите за правење на добро во своите локални заедници. Младинскиот културен центар - Битола го иницираше и организираше првиот Ден на добри дела во Македонија, додека ОЖОСВН беше нивнен локалне партнер за Свети Николе.
Волонтерите од ОЖОСВН и Црвениот крст овој настан го искорисија за креирање на едукативни и позитивни графити за подигање на свеста на случајните минувачи за грижа за доброто.





## Продолжување на дебатниот клуб на МОФ







Во текот на 2024 година, дебатниот клуб продолжи со редовни средби и припреми за Националното дебатно првенство 2024. ОЖОСВН како локален МОФ центар успеа да регрутира петнаесетина млади дебатери кои редовно посетуваа неделни предавања на различни теми, а тим од дебатниот клуб зеде учество и на 2 Национални дебатни првенства во текот на 2024 година.

## Реализиран практикум со волонтерите од Мировен корпус

ОЖОСВН беше дел од практичната работа за волонтерите во обука од новата група волонтери на Мировен корпус од Америка. Во поддршка на волонтерите во обука: Стив, Лизи и Шејна, ОЖОСВН помогна да ги исполнат нивните практични задачи и заеднички креиравме идеи за активности, а две од нив и практично се реализираа. Првата работилница беше со вежби за групата за самопомош, при што одржаа едноставен, но ефективен час за вежбање, прилагоден на потребите на учесничките и погоден за изведување во домашни услови.Волонтерите подготвија и поделија и флаерите со едноставни вежби за во домашни услови. Втората активност, како дел од нивниот практикум, беше работилница за средношколци, каде тие разговараа за придобивките од учеството во дебатниот клуб и споделија искуства од дебатните клубови во Америка.





## Тренинг за граѓански ангажман и активно вклучување на девојките во заедницата

Реализиравме уште еден втор, тридневен тренинг за граѓански ангажман и активно вклучување на девојки и млади жени во заедницата. На тренингот учествуваа 18 девојки од општините Свети Николе, Кочани, Пехчево, Кавадарци, Неготино и Штип.
Главната цел на обуката беше да се поттикне граѓанскиот ангажман и активно вклучување на девојките и младите жени на различни нивоа во заедницата. Тренингот го нагласи значењето на жените во општествениот живот и ги опреми учесничките со знаења и вештини за родова еднаквост, женски активизам и учество во процесите што го обликуваа нивното опкружување.
Оваа активност е финансиски поддржана од фондацијата Квина тил квина и Шведска.








## Одбележување на ден на млади

Го одбележавме и денот на младите на 12 август. „Младите не се само носители на идните промени, туку и клучни чинители на актуелните процеси што ја дефинираат нашата заедница“.




## По повод 16 дена активизам направивме објави за различни форми на онлајн-врсничко насилство и неколку практични мерки и совети како да ги заштитиме личните податоци на социјалните медиуми
























# ПРОГРАМА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Програмата за човекови права има за цел да придонесе кон промовирање и почитување на човековите права со акцент на правата на жените, елиминирање на сите форми на дискриминација и насилство врз жените, како и поголема родова еднаквост. Преку оваа програма ОЖОСВН, има за цел подигање на јавната свест кај жените, но и младите, за постоењето на проблемите со семејно насилство, трговија со луѓе, нивно препознавање и последиците од сето тоа, родовата еднаквост и почитување на родот и полот, како и поголема свесност за формите и основите на дискриминација. Во рамките на програмата се работи и на донесување на јавни документи, како и на поголемо учество на жените и граѓаните во процесите на донесување одлуки, со акцент на жените и девојките од руралните средини.

## Проект: Не си сам/а – канцеларија за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка 2

Во јануари годинава го заокруживме проектот „Не си сам/а – канцеларија за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка 2“ каде се реализираа две трибини, една инфо сесија и завршна конференција.

### Трибина на тема: Од здрави до насилни врски

На оваа тема беа одржани по една трибина во Кавадарци и Свети Николе и на истите присуствуваа пеесетина девојки на возраст од 15 до 18 години. Целта беше учесниците да спознаат колку е важно да се пружи поддршка на девојки кои доживуваат некаков облик на интимни партнерски односи наспроти општествените искуства за обвинување и срамење на жртвите. ОЖОСВН пред нив ги промовираше и бесплатните услуги кои ги дава во однос на правна и психо-социјална поддршка.





### Инфо средба во с.Црнилиште

Одржана инфо средба во с.Црнилиште за запознавање на присутните со услугите кои ги нуди Канцеларијата за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка при ОЖОСВН.



## Пристап до правда за маргинализирани заедници 2.0



Во март 2024 година се одржа завршна конференција на тема: „Пристап до правда за маргинализирани заедници 2.0"

Експерткитe, истражувачките и практичарките разговараа за актуелните случувања, трендови и предизвици поврзани со пристапот до правдата, особено во контекст на дијалогот за пристапување во ЕУ.

Беа презентирани опипливите ефекти од програмата што обезбедува бесплатни услуги за правна и психо-социјална помош, како и преглед на водениот стратешки случај во рамки на проектот.

**Од февруари 2024 година сите активности што се поврзани со Канцеларијата за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка се финансирани од фондацијата Квина тил Квина и Шведска. Даваме континуирани бесплатни правни совети и советувања со психолог.**

Статии напишани од психологот Емина Петкова на теми:

- Смејте се за здравје
- Опасните дејства на сретствата за“подигање” и “спуштање“ на расположението и енергијата
- Празнична депресија- како да ја разбереме,превенираме и да си помогнеме





Поткаст со Емина Петкова за хормоналниот дисбаланс и неговото влијание врз менталното здравје кај жените во менопауза, кој може да се слушне на нашите социјални медиуми




## Постови поврзани со ментално и физичко здравје













## Континуирана промоција на канцеларијата на социјалните медиуми







## Проект: Јаки жени ја јакнат заедницата III

**Период на имплементација:** 01/02/2024 – 31/12/2024
**Локација/Регион:** Општини од Вардарски и Источен плански регион (Свети Николе, Велес, Неготино, Кавадарци, Демир Капија, Пехчево, Пробиштип, Делчево, Виница, Кочани)
**Главна цел:** Да се зајакне активното учество, свеста за правата на жените, родовата еднаквост, психо-социјалната благосостојба и пристапот до правда за жените и девојките во Вардарскиот и Источниот дел на С. Македонија.
**Целна група:** Целната група на проектот се жените, девојките и локалните институции од општина Свети Николе, девојки од општините во склоп на Вардарскиот и Источниот плански регион (Велес, Неготино, Кавадарци, Демир Капија, Свети Николе, Штип, Берово, Делчево, Виница, Кочани)
**Донатор:** The Kvinna Till Kvinna Foundation, Стокхолм – Шведска.

Во период од 11 месеци успеавме да реализираме вкупно 18 активности во рамките на овој проект, да посетиме 10 општини и да вклучиме извонредни 1339 лица, од кои 1028 жени и девојки и 311 момчиња и мажи.
Изразено во однос на достигнувањата, ова изгледа вака:
- 9 правни предмети иницирани пред институции и 14 консултативни состаноци реализирани со релевантни институции за пристап до правдата, 6 средби за дијалог и застапување со 6 различни чинители;
- Правни услуги користеле вкупно 245 лица, од кои 182 жени, а 63 мажи
- Вкупно 21 лице доби психосоцијално советување во 30 одржани сесии (14 жени, 2 момчиња, 2 девојчиња и 3 мажи)
- Услугите на Канцеларијата за бесплатна правна помош и психосоцијална поддршка беа промовирани и допреа до 108.544 лица преку 30 објави на Фејсбук, до 6204 лица стигнаа преку 28 објави на Инстаграм и директно ја промовираа услугата на повеќе од 600 граѓани од општина Свети Николе на отворен настан, 2 наши иницијативи прифатени од општина Свети Николе;
- Одржана е една средба за вмрежување со претставници од 6 локални институции и организации од 4 општини од Вардарскиот регион, релевантни за поддршка и работа со маргинализирани лица и беа предложени 9 краткорочни чекори за нивно подобрување на работата;
- Одржани се 2 обуки за девојки и млади жени и 38 различни девојки и жени се стекнаа со знаења и вештини за родова еднаквост и активен граѓански ангажман;
- На националната конференција организирана во Свети Николе присуствуваа 56 учесници;
- Се одржаа 7 монодрами во 7 различни градови и на монодрамата присуствуваа 363 учесници;
- Преку континуиранаата онлајн кампања за информирање за правата на жените и родовата еднаквост, објавени се 89 објави на ФБ, 66 објави на Инста и 31 написи на веб-страници и 72.169 лица се објавени на Фејсбук, 29.073 лица на профилот на Инстаграм, 1274 прегледи од 812 корисници на веб;
- 41,21% поголем буџет на OWMSVN за 2024 година од буџетот за 2023 година;
- 1 ново вработување и 7 дополнителни краткорочни ангажмани на нови волонтери;
- 85,71% реализација на годишната програма за работа на OWMSVN за 2024 година;
- 11,4% повеќе следбеници на ФБ страницата и 36,25% повеќе следбеници на Инстаграм

## Настан: „Шепоти во огледалото" – Монодрама„СРАМ"

Во текот на оваа година настанот „Шепоти во огледалото“ се реализираше во седум општини: Кавадарци, Пробиштип, Велес, Струмица, Кочани, Делчево и Свети Николе. Актерката Ангела Стојановска, преку своите актерски вештини и искрено споделување на лични приказни од нејзиниот образовен, социјален и професионален живот, како и стереотипите, дискриминацијата и омаловажувањата што ги трпела поради нејзиниот изглед, преку својата монодрама „Срам“ успеа да предизвика размислувања, коментари, емоции, но и многу смеа кај публиката на овие настани. Овие настани беа одлично прифатени како нов иновативен начин на подигање на свеста и разговарање отворено на теми кои сеуште се табу или стереотипни за разговор јавно.









## Четврта регионална средба за вмрежување

Се одржа четвртата регионална средба за вмрежување, на која учествуваа претставници од клучните институции во општините Велес, Кавадарци, Неготино и Свети Николе. На средбата се разгледаа силните и слабите страни на овие институции и организации, како и услугите што ги нудеа. Исто така, се дискутираше за работата на шелтер центрите во овие општини и нивната функционалност, како и за недостатокот на човечки ресурси во невладините организации и самите институции.




## Конференција „Навигација низминатото, обликување на иднината“





Реализиравме национална конференција со наслов „Навигација низ минатото, обликување на иднината“. Конференцијата имаше за цел да даде рефлексија на женскиот активизам и учеството на жените на различни нивоа, но и да се разговара за клучните прашања за унапредување на положбата на жените и девојките на локално и национално ниво. На конференцијата имаше можност за размена на искуства, споделување инспиративни приказни за вклученоста на жените во различни општествени процеси, а се споделија и идеи за унапредување на женските права и родовата еднаквост.















## Наша активистка како дел од настанот Фемдефендерс

Нашата активистка, Лиле Стоименовска од Кочани, беше една од панелистките на Фемдефендерс настанот, што традиционално го организира Фондацијата Квина Тил Квина веќе неколку години. Таа во своето излагање се осврна на тоа како стана активистка благодарение на учеството во неколку наши активности и како тоа ја поттикна да прави промени во својата средина.

## Пост „Женски права се човекови права“

Правата на жените се витален дел од човековите права, но сепак жените честопати се соочуваат со поголема дискриминација и ограничувања. За да се реши ова, женските движења започнаа во 19 век, залагајќи се за еднаквост и правда. Иако е постигнат напредок, сè уште има места каде што правата на жените не се целосно почитувани. Да продолжиме да поддржуваме и да се бориме за еднакви права за сите.









## Пост „10 начини како да ја подобрите самодовербата во своето тело“

Секое тело е уникатно. Важно е да се признае дека нашата вредност не е одредена од нашиот изглед, туку од нашата индивидуалност и љубовта што ја имаме за себе. Секое тело е убаво на свој начин, а да се сакате себеси е најдобриот подарок што можете да го дадете!











## Проект: Зајакни ја промената: Подобрување на застапувањето преку медиуми

**Времетраење:** 01/04/2024 – 31/03/2025
**Локација:** Национално ниво
**Главна цел:** Да се зајакне капацитетот и ефективноста на локалните граѓански организации кои работат на родово засновано насилство и човекови права од Северна Македонија, во застапувањето за политики засновани на докази, подигање на свеста за родовото насилство и создавање влијателни приказни за општествени промени.
**Финансиран од:** UK International Development во партнерство со The Kvinna Till Kvinna Foundation, Стокхолм – Шведска

Во рамки на овој проект, ОЖОСВН успешно спроведе обука за градење капацитети на девет локални женски организации, фокусирана на застапување базирано на докази. Обуката ги зајакна учесниците со знаење и практични вештини, поттикнувајќи ја нивната свест и способност да се залагаат за прашања во заедницата. Овој проект генерално, е значаен чекор кон зајакнување на локалните капацитети за справување со насилството и промовирање на побезбедни заедници.
Локалните женски организации играат клучна улога во премостувањето на јазот меѓу заедниците и носителите на одлуки, засилувајќи ги гласовите на ранливите групи и поттикнувајќи значајни промени од темел.
По обуката, следуваше менторскиот процес, кој помогна да се усовршат индивидуалните планови за застапување. Тренингот и менторскиот процес, доведоа доа заедничка здружена иницијатива, која ги засега и може да помогне на седумте вклучени организации, но и на секоја друга локална организација. Бидејќи Законот за локална самоуправа се отвора за измени, заедничката иницијатива се залага за вклучување на родовото насилство како одговорност под ингиренции на локалната власт. Оваа промена има за цел да воспостави системски решенија, обезбедувајќи одржливост на услугите и поддршката за жртвите на родово засновано и семејно насилство, заедно со превентивните активности и напорите за подигање на свеста на локално ниво.
Процесот на застапување и нашите напори за обезбедување на трајно влијание преку законски измени продолжуваат во текот на наредната година.

### Тренинг за застапување базирано на докази и визуелизација на податоци

Тренингот се организира со цел да ги подобри капацитетите и ефективноста на локалните женски граѓански организации и организации за човекови права кои работеа во Р.С. Македонија. Активностите вклучуваа застапување за политики засновани на докази, подигнување на свеста за родово базирано насилство и создавање на влијателни приказни за општествени промени. На тренингот учествуваа 16 претставнички од 10 различни граѓански организации од општините: Свети Николе, Битола, Прилеп, Кавадарци, Делчево, Пехчево, Куманово, Велес, Радовиш и Скопје.








# ОРГАНИЗАЦИСКО ЈАКНЕЊЕ

Организациското јакнење е составен дел од развојот на Организацијата во континуитет од нејзиното основање. Активностите и дејствијата во овој дел делуваат кон: Подобро позиционирање, видливост и работа на ОЖОСВН кон своите конституенти и Креирани услови за финансиска самоодржливост. Организациското јакнење внатрешно и кон надвор има големо значење во развојните политики на организацијата. ОЖОСВН е професионална и одговорна организација која делува на транспарентен и партиципативен начин и ја цени и негува стручноста во својата работа и применува доверливост при работа со целна група онаму каде и кога, за тоа има потреба. Вредностите на Организацијата се општо прифатени и целосно поддржани од нејзините конституенти, а се темелат на континуитет во работата, активно вклучување на членството во работата, јасната цел на делување и отворената поддршка. Во ОЖОСВН постојат пишани правила за етичко однесување, а сите активности се усогласени со нив и се овозможува отворена средина во која секој слободно ги изразува своите идеи и мислења, а настанатите несогласувања тимски се надминуваат. ОЖОСВН применува разни алатки и канали на информирање и комуникација кон своите конституенти, посветува соодветно внимание и има развиено соодветни алатки за отчетност и транспарентност кои се опфатени во разни организациски документи кои се јавно достапни. Во хоризонталните принципи и вредности во остварувањето на позитивни општествени промени се вградуваат и доброто владеење, промовирање на добри меѓуетнички односи, вклучување на ранливи групи на граѓани кои Организацијата ги интегрира како хоризонтални теми во сите свои активности.

**Одржано редовно годишно Собрание на ОЖОСВН**

На редовното годишно Собрание на ОЖОСВН присуствуваа членови на Собранието, Управниот и Надзорниот одбор, како и други членови и поддржувачи на здружението. Во текот на Собранието се усвоија годишниот, наративниот и финансискиот извештај за 2023 година, како и записникот од претходното годишно Собрание. Дополнително, се усвои и Годишната програма за работа за 2025 година. ОЖОСВН го прослави и својот 34-ти роденден на овој настан.







**Креирана Програма за работа на ОЖОСВН за 2025 година**

Членовите на извршната канцеларија, дел од Управниот одбор и подмладокот беа дел од тридневна работилница каде внимателно ги разгледаа активностите од претходната година, евидентирајќи ги реализираните задачи и постигнатите резултати според годишниот план за 2024 година. Следејќи ги усвоените програми, стратешките цели и веќе одобрените проекти за наредната година, како и земајќи ги предвид потребите на целните групи, очекуваните акции и активности за следниот период, како и плановите за аплицирање на нови проекти, учесниците на работилницата продолжија со креирањето на Програмата за работа за 2025 година. Оваа активност финансиски е поддржана од проектот „Јаки жени ја јакнат заедницата“ од фондацијата Квина тил Квина и Шведска.





На 01 март, Надзорниот одбор на ОЖОСВН оддржа работен состанок, на кој ја разгледа и одобри завршната сметка на организацијата. Покрај членките на одборот, на состанокот присуствуваа: претседателката - која го водеше состанокот и книговодителката - која на присутните детално ја презентираше завршната сметка.



**Зајакнување на организациските капацитети**

Одржавме две организациски работилници за управување со проектен циклус и финансиско-административно работење. Целта на овие обуки беше да ги зајакнат организациските капацитети и да се следат организациските процедури во управувањето со проекти. На самите работилници се разгледаа организациските документи кои се користеа или требаше да се користат за професионална, навремена и унифицирана работа на сите проектно вработени и ангажирани лица во организацијата.
Воедно, се разговараше за користењето на организациски формулари за различни административно-финансиски правила и регулативи кои ја олеснуваа работата и контролата во организацијата. Овие обуки беа корисни за сите членови на ОЖОСВН, бидејќи ги упатија во работните процеси на организацијата и за тоа кои документи треба да се приложуваат на месечно ниво за подобро следење на нејзината работа.
Од овие работилници произлезе и потребата да се креираат внатрешни прирачници за програмско/проектно и административно работење и финансиско и административно работење. Истите беа креирани и споделени со сите ангажирани лица.
Овие активности финансиски беа поддржани од програмата Смарт Балканс.





# МРЕЖИ, ВМРЕЖУВАЊЕ, СОРАБОТКА

ОЖОСВН е активен член на бројни мрежи и платформи преку кои постојано ги следиме и анализираме националните политики, ги поддржуваме, реагираме и активно учествуваме во интерес на нашите целни групи. Меѓу најважните мрежи во кои сме вклучени се Платформата за родова еднаквост, Националната мрежа за спречување на семејно насилство и насилство врз жените, Ромската асоцијација за жени и млади Лулуди, Коалицијата на младински организации и организации кои работат со млади СЕГА, како и Мрежа за финансиска оддржливост на граѓански организации.

Учеството во овие платформи и мрежи е клучно за нашето делување, бидејќи ни овозможува да бидеме во тек со најновите случувања, новости и достигнувања во областа на женските права и родова еднаквост.

- Ние континуирано ги следиме случувањата во однос на нашите целни групи на национално ниво, даваме мислење, поддржуваме реакции на важни прашања или проблеми.


14
Мај 24
ПЛАТФО
ЗА РОДО
ЕДНАКВ
Отворено писмо на Платформата за родова еднаквост до Претседателката Гордана Сиљановска-Давкова
Новости
Платформата за родова еднаквост упатува честитки до Гордана Сиљановска-Давкова за нејзиниот избор и новиот мандат на Претседателка на Република Северна Македонија. Сиљановска-Давкова е првата жена избрана за претседателка на нашата [...]
Повеќе детали

- На 17 февруари, двајца наши претставници беа дел од работилницата за креирање содржини за локални проблеми. Преку креирање на приказни за локални теми, под менторство на професионални новинари ќе се детектираат и застапуваат проблеми во интерес на граѓаните. Оваа активност е дел од проект за поттикнување на граѓанскиот ангажман во локалното владеење, преку објавување содржини што ќе ги создаваат активисти на граѓанските организации. Целта на овие медиуми е да им се даде видливост на локалните теми и глас на самите граѓани. Проектот го раководи Институт РЕСИС од Скопје, а ОЖОСВН е локален партнер за „ЛокалАктив - Вардарски регион"



## Инфографик: Како грижата за децата ги држи жените надвор од работна сила во Северна Македонија?

- Овој инфографик е продукт од BootCamp за родови податоци во Измир - Турција, во партнерство помеѓу Факултетот за податоци, проектот на UN Women "Gender equality facility" во Северна Македонија и регионалната програма "Making Every Woman and Girl Count" за Европа и Централна Азија, на кој што учествува наш тим од Јасмина Трајчева и Александра Тодевска.




## BootCamp за изработка на медиумски производи



- Обуката се реализираше во рамки на регионалниот младински проект „Млади за инклузија, еднаквост и доверба", а во партнерство помеѓу Фондот за население на Обединетите нации (УНФПА) и Младинскиот образовен форум (МОФ).

- Во март, канцелариите на ОЖОСВН ги посетија членките на Новинарскиот клуб при училиштето ООУ Даме Груев с.Ерцелија. На оваа средба младите новинарки, се запознаа со улогата на граѓанските организации во заедницата и одблиску се запознаа со целокупната програма, работа, проекти и активности на ОЖОСВН



- На 20 февруари, во посета на ОЖОСВН беа претставници од 9 општини од земјите од Западен Балкан, општина Свети Николе и мрежата НАЛАС (мрежа на здруженија на локални власти од југоисточна европа). Состанокот беше иницирн од општина Свети Николе, а на средбата присутните се запознаа со нашата работа и се разговараше за можности за соработка и партнерства на ЕУ проекти.

## Градење мостовисо локалните заедници

- Во периодот од 25.11 до 01.12.2024 во Карловац, Р.Хрватска се одржа тренингот „Градење мостови со локалните заедници“ („Building Bridges withLocal Community”), како дел од Еразмус +програмата кој беше спроведен од страна на носителот на проектот, организацијата CarpeDiem од Карловац – Р.Хрватска. На тренингот,учество зедоа повеќе од 25 учесници, претставници од 12 партенрски организации од 12 држави. Од ОЖОСВН, како партнер организацијаво проектот, претставнички на тренингот беа учесничките Евгенија Тасева и Марија Лазева.





## Јавна дискусија за управување со човечки ресурси и анализа на потребите од квалификувана работна сила во општина Свети Николе

- На 25 ноември во Свети Николе, се одржа јавна дискусија во рамки на проектот „Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата“ кој е во реализација на Младински Културен Центар - Битола, а финансиски поддржан од Меѓународниот центар Олоф Палме и Шведска. ОЖОСВН е локален партнер во проектот заактивности со ЛЕСС - Свети Николе. Настанот имаше за цел да ја зајакне свеста за улогата и значењето на Локалниот економско-социјален совет (ЛЕСС) во Свети Николе, да се анализира состојбата со локалните човечки ресурси и нивната квалификација, како и да се иницира дијалог помеѓу различни локални чинители за подобрување на состојбите на пазарот на трудот.







# АКТИВНОСТИ НА ОЖОСВН ПО ПОВОД 8 МАРТ



- На 6 март, во Собранието на Македонија, а по повод одбележување на меѓународниот ден на жената, членки на ОЖОСВН беа дел од прекрасната атмосфера за време на промоцијата на видео записот и монографијата “30+: Жените тоа го можат”. Велат не гледај назад, но понекогаш е убаво да се погледне назад и да се види колку далеку сме стигнале, особено кога станува збор за женските прашања.



- По повод Меѓународниот ден на жената - 8 Март, во Свети Николе, традиционално се положи цвеќе на паднатите борки за слобода од Општина Свети Николе, заедно со претставнички од Граѓанска иницијатива на жени и Здружението на борци.




- ОЖОСВН како дел од Платформата за родова еднаквост, беше дел од колективна акција, колективен протест и колективен марш во заедничката борба за рамноправност и родова еднаквост. Оваа година активисти и поддржувачи маршираа под слоганот „Црвена линија: Правата на жените не се за преговарање“.

# ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ ДЕНОВИ ОДБЕЛЕЖАНИ ЗА 2024

- 4 февруари - Светски ден за борба против ракот
- 20 февруари - Меѓународен ден на социјалната правда
- 21 февруари - Меѓународен ден на мајчиниот јазик
- 27 февруари - Светски ден на невладините организации
- 1 март - Светски ден на нулта дискриминација
- 8 март - Меѓународен ден на жената
- 20 март - Меѓународен ден на среќата
- 8 април - Меѓународен ден на ромите
- 9 мај - Ден на Европа
- 12 мај - Меѓународен ден на мајката
- 16 мај - Меѓународен ден на заедничко живеење во мир
- 28 мај - Ден на менструалната хигиена
- 5 јуни - Светски ден на животната средина
- 11.06 - Светски ден на населението
- 30.06 - Интернационален ден на пријателството
- 1-7.08 - Светска недела на доењето
- 12.08 - Меѓународен ден на младите
- 19.08 - Светски ден на хуманитарната помош
- 26.08 -Светски ден на еднаквоста на жените
- 10.09 - Светски ден за превенција од самоубиства
- 15.09 - Меѓународен ден на демократијата
- 18.09 - Меѓународен ден на еднакви плати
- 21.09 - Меѓународен ден на мирот
- 21.09 - Светски ден на благодарноста
- 28.09 - Меѓународен ден за безбеден и легален абортус
- 2 октомври – Интернационален ден на ненасилството
- Октомври – Месец за подигање на свеста за ракот на дојка
- 10 октомврив – Светски ден на менталното здравје
- 11 Октомври – Меѓународен ден на девојчињата
- 15 Октомври – Интернационален ден на руралната жена
- 18 Октомври – Европски ден за борба против трговија со луѓе
- Мовембер – Месец за подигање на свеста за здравјето на мажите
- 16 Ноември – Меѓународен ден за толеранција
- 20 Ноември – Светски ден на детето
- 25 Ноември – Меѓународен ден за елиминација на насилството врз жените
- 05 Декември – Меѓународен ден на волонтерството
- 10 Декември – Меѓународен ден на човекови права
- 20 Декември – Меѓународен ден на човечката солидарност














# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ПО ЗАВРШНА СМЕТКА ЗА 2023 ГОДИНА

ПРИХОДИ:

Класа 7

| Година | 2024 |
|---|---|
| 7301 Приходи од членарини | 72.259 |
| 7304 Приходи од донации<br>Kvinna till Kvinna –urgent fund -36.780<br>МКЦ – Битола -6000<br>Локална Самоуправа -200.000<br>КТК - 3.723.078<br>Смарт Балкан -634.267<br>КТК – фцдо -1.614.133<br>Француска амбасада -302.012 | 6.516.270 |
| 7310-Поврат на средства | 1.000 |
| 7313 – Приходи од други субјекти | 179.300 |
| 7506 –Приходи од други услуги | 77.000 |
| 7700 Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 564.361 |
| **Вкупно Приходи** | **7.410.190** |

РАСХОДИ:

Класа 4

| | |
|---|---|
| **400 Потрошени материјали** | **80.339** |
| 4003 Потрошени прехренбени артикли | 42.379 |
| 4004 Потрошени канцелариски материјали | 29.701 |
| 4006 Потрошени други материјални средства | 2.233 |
| 4008 Потрошена вода и ѓубрарина | 6.026 |
| **401 Потрошена енергија** | **17.049** |
| 4011 Потрошена електрична енергија | 17.049 |
| **403 Други услуги** | **488.153** |
| 4031 Трошоци за пошта, телефон и интернет | 36.278 |
| 4034 Печатарски услуги | 448.476 |
| 4038 Хостирање на веб страна | 3.399 |
| **404 Превозни –транспортни услуги** | **454.233** |
| 4041 Превозни услуги во патниот сообраќај | 454.233 |
| **405 Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација** | **32.547** |
| 4052 Издатоци реклама и пропаганда | 32.547 |
| **408 Наемнини** | **93.004** |
| 4080 Наемнини- кирија | 80.004 |

| | |
|---|---|
| 4084 Наемнина за користење на простор за обуки | 13.000 |
| **409 Други материјални расходи** | **1.181.449** |
| 4097 Набавка на ортопедски помагала | 44.809 |
| 4099 Трошоци по проект | 1.136.640 |
| **410 Провизија за платен промет** | **40.281** |
| 4100 Банкарска провизија | 40.281 |
| **412** Премија за осигурување | **3.631** |
| 4121 Премија за осигурување кај осигурителни друштва | 3.631 |
| **416 Членарини** | **3.000** |
| 4161 Членарини во сојузи | 3.000 |
| **417 Интелектуални и други услуги** | **1.358.504** |
| 4172 Договорни услуги за повремени услуги | 1.357.754 |
| 4175 Нотарски трошоци | 750 |
| **418 Останати други расходи** | **75.799** |
| 4181 Останати други расходи | 31.111 |
| 4182 Поврат на неискористени средства | 44.688 |
| **441 Средства за опрема** | **64.178** |
| 4411 Купување на опрема | 64.178 |
| **460 Вкалкулирани плати** | **2.273.741** |
| 4602 Нето плати на вработени | 1.514.152 |
| 4603 Персонален данол на плати на вработени | 122.709 |
| 4604 Придонеси на плати на вработени | 636.880 |

Обврски

| | |
|---|---|
| 2200 Обврски спрема добавувачи | 4.749 |
| **Вкупно** | **4.749** |

| | |
|---|---|
| Вкупно Приходи | 7.410.190 |
| Вкупно Расходи | 6.165.908 |
| Благајна салдо | 189 |
| Салдо на жиро сметка | 1.163.560 |
| Салдо на девизна сметка | 80.533 |